# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**15.05.2018 год.** **Бр.VII**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 13-та седница***
***на Советот на Општина Крушево***
***одржана на ден 14.05.2018 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 13-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 14.05.2018 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр. 09-595/1 од 15.05.2018 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр. бр.1/2007 и 16/2014) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 13-та седница, одржана на 14.05.2018 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 12-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 05.04.2018 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002).

**Бр.08-558/3 од 14.05.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 18 став 1 точка 3 и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 14.05.2018 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на приоритет за имплементација на проект за набавка на теренско возило (патничко возило со 5 врати)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет за имплементација на проект за набавка на теренско возило (патничко возило со 5 врати) за потребите на општина Крушево.

**Член 2**

Општина Крушево го утврдува како приоритет проектот за имплементација на проект за набавка на теренско возило (патничко возило со 5 врати) за да може да се аплицира за искористување на грант средствата од компонентата В „Инвестициски грантови" од Проектот за пододбрување на општинските услуги при Министерството за финансии на Р.Македонија.

Член 3

Проценетата вредност на проектот од член 1 на оваа Одлука изнесува 1.025.878,00 денари со ДДВ, грант средства кои Општина Крушево има право да ги користи согласно процедурите за имплементација на компонентата В „Инвестициски грантови" од Проектот за подобрување на општинските услуги при Министерството за финансии на Р.Македонија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-558/4 од 14.05.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на Р.М." бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) и член 21 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 14.05.2018 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

***за усвојување на Годишната сметка на ЈП "Комуна" Крушево за 2017 година***

1. Советот на Општина Крушево, ја усвојува Годишната сметка на ЈП "Комуна" Крушево за 2017 година, бр.05-45/1 од 26.02.2018 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП"Комуна" и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-558/5 од 14.05.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 11 став 1 точка 7 и 8 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на Р.М." бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 14.05.2018 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

***за усвојување на финансискиот План на ЈП "Комуна" Крушево за 2018 година***

1. Советот на Општина Крушево, го усвојува финансискиот План на ЈП "Комуна" Крушево за 2018 година, бр.05-45/2 од 26.02.2018 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП"Комуна" и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-558/6 од 14.05.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 11 став 1 точка 7 и 8 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на Р.М." бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 14.05.2018 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

***за усвојување на програмата за работа на ЈП "Комуна" Крушево за 2018 година***

1. Советот на Општина Крушево, ја усвојува програмата за работа на ЈП "Комуна" Крушево за 2018 година, бр.01-44/2 од 26.02.2018 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП"Комуна" и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-558/7 од 14.05.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 20б. став 1 алинеја 3 и став 2 од истиот член од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на Р.М." бр.27/14; 199/14; 27/16 35/18) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/14 ), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 14.05.2018 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**за давање согласност на годишниот план за вработување на Општина Крушево за 2018 година**

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на годишниот план за вработување на Општина Крушево за 2018 година бр.03-542/1 од 03.05.2018 година;

2. Овај заклучок влегува во сила со денот на објавување на Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-558/8 од 14.05.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 20б. став 1 алинеја 3 и став 2 од истиот член од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на Р.М.” бр.27/14; 199/14; 27/16 35/18) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/14 ), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 14.05.2018 година, донесе:

## З А К Л У Ч О К
### за давање согласност на годишниот план за вработување на Општина Крушево за 2019 година

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на годишниот план за вработување на Општина Крушево за 2019 година бр.03-543/1 од 03.05.2018 година;

2. Овај заклучок влегува во сила со денот на објавување на Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-558/9 од 14.05.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ”, бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16 година), член 22, став 1, точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 6 и 7 од Статутот на Општина Крушево („Сл. гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/14), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 14.05.2018 година го донесе следното:

## ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА КРУШЕВО ЗА 2018 ГОДИНА

1. Програмата за Урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2018 година бр.08-61/26 од 17.01.2018 година се дополнува во точка 3 со став 3.5 и 3.6, во точка 5 со став 5.13, 5.14, 5.15, 5.16 и 5.17 и во точка 6 став 6.2 и гласи:

### 3. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**3.5. Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотонапонска соларна централа на КП 2231, 2232 и 2233, КО Крушево вон град, Општина Крушево.**



**3.6. Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотонапонска соларна централа на КП 2146, 2147 и 2148, КО Крушево вон град, Општина Крушево.**



### 5. ПРОЕКТИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

**5.13. Проект за инфраструктура за реконструкција на локален пат “СТОПАНСТВО” (с. Алданци) – с. Норово, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



**5.14. Проект за инфраструктура за реконстукција и доградба на локален пат од с.Саждево-с.Јакреново-с.Борино, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



**5.15. Проект за инфраструктура за зафаќање на води за дополнително водоснабдување на индустриска зона Опаленик, Општина Крушево**



Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.

**5.16. Проект за инфраструктура за реконструкција и доградба на постоен пат од м.в. Порта до м.в. Мечкин Камен, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



**5.17. Проект за инфраструктура за реконструкција на дел од постојна улица Коча Миленку во град Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



## 6. АРХИТЕКТОНСКО - УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

**6.2. Архитектонско урбанистички проект за комплекс на градба во градежна парцела ГП $1_{(3-4-5-6)}$, со намена на градба Г2 – лесна и незагадувачка индустрија од Архитектонско урбанистички проект за формирање на градежна парцела ГП $1_{(3-4-5-6)}$ со намена на градба Г2 – лесна индустрија во индустриска зона Опаленик, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на архитектонско урбанистички проект е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



2. Ова дополнување влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево и станува составен дел на Програмата за Урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2018 година, бр. 08-61/26 од 17.01.2018 година.

**Бр.08-558/10 од 14.05.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 79, 80 и 80-а од Законот за градење-пречистен текст „Сл.весник на РМ“ бр. 70/2013), „Сл.весник на РМ“ бр. 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016 и 35/2018), член 21 став 1 точка 49, 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл. Гласник на Општина Крушево бр.01/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 14.05.2018 година, донесе:

***П Р О Г Р А М А***
***за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2018 година***

***Вовед***

Согласно Законот за градење потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува Советот на Општина Крушево.

Со оваа Програма се уредува бројот, видот и големината на урбаната опрема, како и локациите и објектите на кои може да се постави истата. Воедно се утврдува и начинот и условите за нивно поставување, дислоцирање и отстранување.

Оваа Програма важи за 2018 година и со истата е опфатена урбана опрема која се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено и уредено земјиште. Согласно член 2 став 4 од Закон за градење под урбана опрема во смисла на овој закон, се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско- конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, опрема во функција на туристички, културни, спортски настани, опрема за спортско-рекреативни активности, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, пливачки објекти, паркинзи во функција на објекти на органите на државна управа и на објекти на општините, рекламни и информативни паноа, детски игралишта, настрешници кои се поставуваат на јавна површина, фонтани, чешми, клупи и корпи за оптадоци.

Доколку се појави потреба од други видови урбана опрема а не претставуваат составен дел од оваа Програма, ќе бидат опфатени со нејзините измени и дополнувања.

## 1. Цел на Програмата

Со Програмата за поставување на урбана опрема се постигнуваат следните цели:

- Евиденција на урбана опрема на територија на Општина Крушево;
- Естетско обликовни подобрувања и воведување на нови стандарди во уредување на просторот;
- Уредување, оплеменување, хуманизација на просторот и заштита на животната средина;
- Брз сервис и услуга на граѓаните од непосредната близина

## 2. Видови на Урбана опрема

Видовите на урбана опрема, определени се со законот за градење, а се наведени во воведниот дел на оваа Програма.

Урбана опрема се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон.

Урбаната опрема не е дел од градежното земјиште и врз основа на ова не се стекнуваат стварни права врз градежното земјиште.

### 2.1 Критериуми за определување на видот на урбана опрема

За определување на видот на урбаната опрема кој треба да се постави служат следните критериуми:

- Функционални критериуми како што се: намена, времетраење и површина наменета за вршење на дејноста;
- Материјални критериуми;
- Финансиски критериуми.

Урбана опрема која се поставува на подрачјето на Општина Крушево треба да ги задоволува основните барања за градбата, согласно Законот за градење.

Урбаната опрема не смее да го попречува пешачкото движење како и движењето на лица со инвалидност. Воедно, потребно е да се обезбеди непречен пристап до истата, без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот.

Урбаната опрема, со својот изглед и форма, не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

Површината што служи за употреба на урбаната опрема мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

Доколку површината за која се бара поставување на урбана опрема, е во границите на опфатот на заштитено подрачје или објект или за неа е утврден посебен режим на користење, потребно е да се прибави претходно мислење од органот на државната управа надлежен за работите на заштитата на културно-историското наследство односно на природата.

**_Урбана опрема - КИОСЦИ_**

Со оваа програма се предвидува локација за поставување на урбана опрема – КИОСЦИ.



**_Урбана опрема - информативни паноа_**

Со оваа програма се предвидува локација за поставување на урбана опрема - информативни паноа.



***Опрема за спортско-рекреативни активности***

Со оваа програма се предвидува една локација за поставување на опрема за спортско- рекреативни активности.



***3. Начини и услови за поставување и одржување на урбана опрема***

Согласно Закон за градење урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот.

Потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува советот на Општина Крушево.

Микролокациските услови претставуваат извод од графичкиот и текстуалниот дел на Програмата за поставување на урбана опрема.

Урбаната опрема се поставува на микролокации согласно графичкиот прилог.

Општина Крушево согласно Законот за градење води регистер на издадени одобренија за поставување на урбана опрема.

Одобрението за поставување на урбана опрема го издава Градоначалникот на Општина Крушево.

Одобрението за поставување на урбана опрема се добива врз основа на поднесено барање (формулар), кое се доставува заедно со комплетна документација и тоа:

**I. За поставување на урбана опрема - КИОСЦИ**

1. Извод од графичкиот прилог на програмата, со микролокациски услови
2. Основен проект

**II. За поставување на урбана опрема - Информативни паноа**

1. Извод од графичкиот прилог на програмата, со микролокациски услови
2. Основен проект

**III. За поставување опрема за спортско - рекреативни активности**

1. Извод од графичкиот прилог на програмата, со микролокациски услови
2. Основен проект

Постапката по барањето ја спроведува надлежното Одделение за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на Општина Крушево (во натамошниот текст-надлежно одделение). Надлежното одделение на Општина Крушево врши увид на лице место и проверка на документацијата која се доставува во прилог на барањето.

***4. Извори на финансирање на програмата***

Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево се финансира од буџетот на Општината за 2018 година, буџет на РМ, донации, правни и физички лица.

***4.1. Трошоци за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбана опрема***

Трошоците за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбана опрема паѓаат на товар на инвеститорот, физичкото или правното лице.

***5. Динамика на реализација на Програмата***

Динамиката на реализацијата на програмата ќе зависи од обезбедените финансиски средства, решени имотно-правни и технички услови.

### 6. *Вршење надзор*

Вршењето надзор над поставувањето, задржувањето, дислокацијата и отстранувањето на урбаната опрема е во согласност со Законот за градење.

### 7. *Преодни и завршни одредби*

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Крушево во соработка со Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина во Општината.

Составен дел на оваа Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2018 година е текстуален и графички дел.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл. Гласник" на Општина Крушево.
**Бр.08-558/11 од 14.05.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 132 став 1, 2 и 4 од Законот за енергетика („Сл.весник на Р.М." бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 14.05.2018 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување на програмата за Енергетска ефикасност на Општина Крушево за 2018 до 2020 година**

1. Советот на Општина Крушево на предлог на Градоначалникот, а по претходно мислење од Агенцијата за енергетика на Р.Македонија бр.03-46/4 од 02.05.2018 година на седницата одржана на 14.05.2018 година ја донесе програмата за Еергетска ефикасност на Општина Крушево за 2018 до 2020 година бр.03-58/1 од 10.01.2018 година.

2. Овај заклучок влегува во сила со денот на објавување на Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-558/12 од 14.05.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-552/1 од 04.05.2018 година од Љубица Стојческа од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 14.05.2018 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 6.000,00 (шест илјади)** денари по барање бр.08-552/1 од 04.05.2018 година од Љубица Стојческа од Крушево ул."Томе Никле" бр.19, со ЕМБГ 1212963448008.

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.200000309610024, депонент Стопанска Банка АД Скопје-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.08-558/13 од 14.05.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-504/1 од 23.04.2018 година од Ставре Јада од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 14.05.2018 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 12.000,00 (дванаесет илјади)** денари по барање бр.08-

504/1 од 23.04.2018 година од Ставре Јада од Крушево ул."Мише Ефтим" бр.32, со ЕМБГ 1805998410012.

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.240207101406976, депонент УНИ Банка АД Скопје-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.08-558/14 од 14.05.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.03-531/1 од 27.04.2018 година од Ристески Пеце од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 14.05.2018 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

**1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 6.000,00 (шест илјади)** денари по барање бр.03-531/1 од 27.04.2018 година од Ристески Пецо од Крушево ул."Нико Доага" бр.65, со ЕМБГ 1806961443006.

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.200003315377542, депонент Стопанска Банка АД Скопје-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.08-558/15 од 14.05.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/14 ), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 14.05.2018 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Општина Крушево го задолжува одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина да пристапи кон решавање на проблемите поврзани со легализацијата на објектот од КМБС "Мусица" Крушево.

2. Овај заклучок влегува во сила со денот на објавување на Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-558/16 од 14.05.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.03-341/2 од 07.03.2018 година од Локална Акциона група Агро Лидер од Кривогаштани, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 14.05.2018 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

**1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 12.000,00 (дванаесет илјади)** денари по барање бр.03-341/2 од 07.03.2018 година од Локална Акциона група Агро Лидер од Кривогаштани.

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.200002768705815, депонент Стопанска Банка АД Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.08-558/17 од 14.05.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.

1.Заклучок за објавување на актите донесени на 13-та седница на Советот на Општина Крушево ........................................................... 1
2.Заклучок за усвојување на записиникот од 12-та седница на Советот на Општина Крушево …………………………………… 1

3.Одлука за утврдување на приоритет за имплементација на проект за набавка на теренско возило (патничко возило со 5 врати) …………………………………… 1
4. Заклучок за усвојување на Годишната сметка на ЈП "Комуна" Крушево за 2017 година …………………………………… 2
5. Заклучок за усвојување на финансискиот План на ЈП "Комуна" Крушево за 2018 година …………….. 2
6. Заклучок за усвојување на програмата за работа на ЈП "Комуна" Крушево за 2018 година …………………………………… 2
7. Заклучок за давање согласност на годишниот план за вработување на Општина Крушево за 2018 година …… 2
8. Заклучок за давање согласност на годишниот план за вработување на Општина Крушево за 2019 година ……. 3
9. Измени и дополнувања на програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2018 година …………………. 3
10. Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2018 година ………………… 5
11. Заклучок за донесување на програмата за Енергетска ефикасност на Општина Крушево за 2018 до 2020 година ………. 8
12. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Љубица Стојческа од Крушево …………………………… 8
13. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Ставре Јада од Крушево ………………………………… 8
14. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Ристески Пецо од Крушево ………………………………….. 9
15. Заклучок за задолжување на одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, во врска со барање од КМБС "Мусица" од Крушево ………………………………… 9
16. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Локалната Акциона група Агро Лидер од Кривогаштани…. 9

Редакциски одбор на Општина Крушево.